Република Северна Македонија

**Министерство за економија**

Сектор за минерални суровини

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Ekonomisë**

Sektori i lëndëve të para minerale

Архивски бр. 24- 36/1
Скопје, [illegible]-01-[illegible] година

Numri arkivor 24-
Shkup, ____________ viti

Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15), Министерството за економија, на ден _____________ година, донесе:

Bazuar në nenin 65, paragrafi (6) të Ligjit për mjedisin jetësor ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10. , 124 /10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 dhe 44/15), Ministria e Ekonomisë, më _____________, miratoi:

**Одлука**
**за спроведување на стратегиска оцена**

**Vendim**
**për zbatimin e vlerësimit strategjik**

1. За планскиот документ **Стратегија за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини на Република Северна Македонија 2025-2045**, што го донесува Владата на Република Северна Македонија, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

1. Për dokumentin planor **Strategjia për hulumtime gjeologjike, eksploatim dhe shfrytëzim të qëndrueshëm të resurseve minerale të Republikës së Maqedonisë së Veriut 2025-2045**, të miratuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë, është e nevojshme të bëhet vlerësimi strategjik i ndikimit për mjedisin, në përputhje me nenin 65 të Ligjit për Mjedisin.

2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ **Стратегија за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини на Република Северна Македонија 2025-2045** се определуваат: Министерство за

2. Organet e prekura nga zbatimi i dokumentit planor **Strategjia për hulumtime gjeologjike, eksploatim dhe shfrytëzim të qëndrueshëm të resurseve minerale të Republikës së**


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin" nr. 15, Shkup
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за финансии, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за енергетика, органи во состав на министерствата и Владата, граѓанскиот сектор.

3. За планскиот документ **Стратегија за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини на Република Северна Македонија 2025-2045**, за чија изработка е одговорно Министерството за економија, а го донесува **Владата на Република Северна Македонија**, донесувањето на стратешкиот плански документ **Стратегија за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини на Република Северна Македонија 2025-2045** ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **влијание врз квалитет на амбиентен воздух, аспекти на климатски промени, квалитет на води, биодиверзитет и предел, бучава и зрачење, управување со отпад, влијание врз здравјето на луѓето, влијание врз социо-економската состојба во државата.**

**Maqedonisë së Veriut 2025-2045,** përcaktohen si: Ministria e Ekonomisë, Ministria e Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor, Ministria e Transport dhe Lidhje, Ministria e Financave, Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Menaxhimit të Ujërave, Agjencia e Energjisë, organet në kuadër të ministrive dhe Qeverisë, sektori civil.

3. Lidhur me dokumentin planor **Strategjia për hulumtime gjeologjike, eksploatim dhe shfrytëzim të qëndrueshëm të resurseve minerale të Republikës së Maqedonisë së Veriut 2025-2045**, për përgatitjen e të cilit është përgjegjësi e Ministrisë së Ekonomisë dhe e miratuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë, miratimi i dokumentit të planifikimit strategjik **Strategjia për hulumtime gjeologjike, eksploatim dhe shfrytëzim të qëndrueshëm të resurseve minerale të Republikës së Maqedonisë së Veriut 2025-2045** do të ketë ndikim në mjedis.

4. Objekti i Raportit të Vlerësimit Strategjik duhet të mbulojë aspektet e mëposhtme: **ndikimin në cilësinë e ajrit të ambientit, aspektet e ndryshimeve klimatike, cilësinë e ujit, biodiversitetin dhe peizazhin, zhurmën dhe rrezatimi, menaxhimin e mbetjeve,**


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin" nr. 15, Shkup

+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

5. Одлуката заедно со формуларот за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на web страната на **Министерството за економија** на следната адреса: www.economy.gov.mk.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на web страната на Министерството за економија.

**ndikimin në shëndetin e njerëzve, ndikimin në socio- situatën ekonomike në vend**.

5. Vendimi së bashku me formularin për përcaktimin e nevojës për kryerjen e vlerësimit strategjik publikohet në ueb faqen e **Ministrisë së Ekonomisë** në adresën: www.economy.gov.mk.

6. Kundër këtij vendimi, publiku ka të drejtë të ankohet pranë Komisionit Shtetëror për vendimmarrje në procedurën administrative dhe procedurën e punësimit të shkallës së dytë brenda 15 ditëve nga data e publikimit të vendimit në faqen e Ministrisë së Ekonomisë.

**МИНИСТЕР**
**MINISTËR**
**Kreshnik Bekteshi**

Изработил/ Përpiloi:Кика Шпритова
Контролирал/ Kontrolloi: m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi:м-р Размена Чекиќ Дуровиќ


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Jurij Gagarin" nr. 15, Shkup
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Стратегија за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини на Република Северна Македонија, 2025-2045 |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Министерство за економија |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Влада на Република Северна Македонија |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Академик Др.Блажо Боев – раководител на проектот Македонска академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија |
| **Назив на работното место** | / |
| **Контакт податоци за лицето** | 070 210 037 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Член 5 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.99/22, 129/23 и 253/23) | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Нов плански документ. | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| - | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| рударство | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** | | | |
| **Да ☒**<br>**Не ☐** | **Член:** 3 | **Точка** 6 | **Алинеја:** 1 |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Да. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Стратегија за геолошки истражувања и одржливо искористување и експлоатација на минерални суровини на Република Северна Македонија, 2025-2045 зазема интегриран пристап со единствена цел: идентификување на можности, предизвици и создавање поволни услови. Она што е во основата на Стратегијата е да и овозможи на индустријата (минералната индустрија, рударската) која своето постоење го должи на геолошките истражувања и која се занимава со искористување на минералните суровини да расте и да се развива одржливо, истовремено одржувајќи чекор со можностите што ги нуди тековната силна меѓународна побарувачка за метали и минерали.<br>Оваа Стратегија ќе придонесе кон:<br>1. идентификација и проценка на ресурсите,<br>2. оптимално искористување на ресурсите,<br>3. анализа на приходи и економски раст,<br>4. современа индустријализација и креирање на додадена вредност,<br>5. еколошката одржливост и општествената одговорност,<br>6. истражување и развој. | | | |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |

| |
|---|
| Развивање на геолошките истражувања и одржливото искористување и експлоатација на минералните суровини |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 20 години |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Стратегијата ќе се ревидира на секои пет години и се однесува за нареден период од најмалку 20 години. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |
| Територија на Република Северна Македонија. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Реализацијата на планскиот документ се очекува да донесе значајни социо-економски придобивки за земјата што позитивно ќе се одразат на економски (инвестиции во индустријата) и социјален (продолжување на постоечки / нови работни места итн.) план во државата. Но, рударските активности, вклучувајќи проспекција, истражување, изградба, работење, одржување, проширување, напуштање, деактивирање и пренамена на рудниците може да влијаат на социјалните и еколошките системи на низа позитивни и негативни, и директни и индиректни начини.<br>Генерално, главните емисии и извори на загадување во индустријата за преработка на минерали се однесуваат на отпаден материјал од процесите како што е флотациона јаловина, прашина, отпадни гасови, отпадни води и др. Во многу случаи процесите на загадување се или модифицирани за да се намалат емисиите или се заменети со други кои помалку ја загадуваат животната средина. Во металуршките процеси за добивање на метали, главните проблеми со загадувањето се јавуваат во производството на железо и челик, во обработката на обоени сулфидни руди, во индустријата за галванизација, процеси кои се застапени (или биле застапени во минатото) во Северна Македонија.<br>Депониите со индустриски отпад од преработката на минералните суровини и процесите за добивање на метали содржат различни опасни материјали кои може да бидат штетни за животната средина. Загадувачките супстанци ослободени од овие депониите може да ја контаминираат водата, почвата и воздухот и може да влијаат на здравјето на луѓето. |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Веројатноста за појава на влијанијата директно зависи од имплементацијата на планскиот документ поради што најверојатно влијанијата ќе се јават при реализација на планскиот документ. Дел од влијанијата ќе се јават само при имплементација на планскиот документ, додека пак ефектите за некои од влијанијата ќе бидат присутни и после имплементацијата на планскиот документ. Фреквентноста и повратноста на влијанијата неопходно е да се анализираат поединечно за секоја од активностите кои ќе произлезат од реализацијата на планскиот документ. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Рударскиот сектор односно рударските активности претставуваат извор на загадување на животната средина и истите секако дека ќе влијаат на состојбите со животната средина во областите каде ќе се реализираат поединечните проекти. Поради ова релевантно е разгледувањето на кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето за поединечните активности кои ќе произлезат од имплементацијата на овој плански документ. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Прекуграничната природа на влијанијата може да биде релевантен аспект на овој плански документ. Овој аспект треба да се разгледува за секој поединечен проект кој ќе произлезе од имплеменатцијата на овој плански документ. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Новите технологии, ефикасни и еколошки извори на енергија, можностите за подобро управување со квалитетот на воздухот, почвата и водата, поефикасната преработка на јаловината, даваат можности за намалување на влијанијата од рудниците врз животната средина. Со прифаќањето на овие аспекти се обезбедуваат предуслови за намалување на потенцијалните ризици по здравјето на луѓето и животната средина. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Планскиот документ претставува стратегиски документ од национално значење што е предвидено да се имплементира на целата територија на земјата. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Економскиот столб на Стратегијата се фокусира на искористување на потенцијалот на минералните ресурси за да се поттикне одржлив економски раст и развој. Активностите за екстракција и преработка на минерали, односно минерални суровини обезбедуваат клучна основа за различни индустрии, поттикнувајќи создавање приходи и индустриска диверзификација, како и работни места. Економскиот столб на стратегијата се стреми да привлече инвестиции, да ја подобри конкурентноста и да ги оптимизира економските придобивки што произлегуваат од минералните ресурси.<br>Социјалниот столб на Стратегијата за минерални суровини ја препознава важноста да се земат предвид благосостојбата и интересите на локалните заедници и другите засегнати страни. Таа има за цел да обезбеди развојот на минералните ресурси да придонесува за социјалниот развој, да го подобрува животниот стандард и да промовира инклузивен раст. Стратегијата го нагласува ангажманот на заедницата, дијалогот и нивното значајно учество во процесите на донесување одлуки. Исто така, социјалниот столб ја нагласува важноста од градење на локални капацитети, вклучувајќи истражувања и развој во минералната индустрија.<br>Во секој од трите столба (Економија, животна средина и Социјала) се дефинирани стратешки насоки во кои треба да се движи минералната индустрија во Република Северна Македонија. |

| | |
|---|---|
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Вредноста и ранливоста на областите што ќе бидат засегнати со донесување на планскиот документ ќе бидат анализирани поединечно. Имајќи ја предвид досегашната и актуелна состојба со животната средина и реализацијата на рударските активности, поедини области може да се издвојат по однос на ранливост, но и вредност. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Хармонизацијата на заштитата и одржливото користење на поедините минерални ресурси, и реализацијата на интегрираната заштита на животната средина, природното и културното наследство се очекувани резулати од имплементацијата на Стратегијата.<br>Прашањето за посебните природни карактеристики или културно наследство може да биде релевантно при реализација на активностите за имплементација на планскиот документ и истото ќе биде подетално анализирано. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Досегашните истражувања укажуваат на влијание врз животната средина преку загадување на околните почви, речни текови и воздухот со прашина која се емитира од постројките за преработка на рудата како и од емисија од самите инсталации за одложување на рудничка/флотациска јаловина во рудниците.<br>Ограничувањето на емисиите на стакленички гасови и честички од страна на рударските компании преку намалување на генериран отпад, воспоставување на безбедни процеси и одржливи технологии ќе резултира со подобрена благосостојба на заедниците и поздрава животна средина.<br>Ова прашање е релевантно за реализација на активности од планскиот документ и ќе биде подетално анализирано за поединечните активности (проекти) при имплементацијата на планскиот документ како и во планските документи што ќе следат (планови, програми, ОВЖС и др. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Геолошките истражувања во Република Северна Македонија треба на државата да и обезбедат витални информации за општествениот развој, како од економски аспект и од аспект за оптимално користење на земјиштето, со почитување на безбедноста од гео-опасности и заштита од нив, како и зачувување на околните природни средини.<br>Проектите поврзани со реализација на планскиот документ кои се однесуваат на експлоатација на минерални суровини може да бидат поврзани со интензивна употреба на земјиштето. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Областите или пејзажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја на некои подрачја се преклопуваат со постојните или потенцијалните наоѓалишта на метални и неметали суровини и енергетски суровини.<br>Ова прашање може да биде релевантно за реализација на активности од планскиот документ, поради што ќе биде подетално анализирано. |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** | |

| |
|---|
| Имплементацијата на планскиот документ може да биде поврзан со идна подготовка и реализација на акциони планови и програми. Исто така, планскиот документ предвидува активности со чија реализација ќе се достигнат поставените стратешки насоки, што пак подразбира реализација на поединечни проекти и други активности.<br>За поединечните планови и програми што би произлегле од овој планскиот документ може да се јави потреба од спроведување на нови постапки за стратегиска оцена, а со голема веројатност и постапки на оцена на влијанието врз животната средина од поединечни проекти. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Имплементацијата на планскиот документ се однесува на целата територија на државата. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. (Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |
| Овој плански документ е еден од значајните национални плански документи и неговата реализација е поврзана со обемни и значајни проекти од аспект на животна средина. Во услови кога рударскиот сектор е препознаен како еден од големите извори на загадувањето на животната средина во државата, важноста на вклучување на аспектот на заштита на животната средина во планскиот документ е од исклучително значење. |

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Имплементацијата на планскиот документ опфаќа различни видови проекти што може да имаат различни влијанија и да засегнат повеќе медиуми и области на животната средина: воздух, вода, биодиверзитет, отпад, почва, бучава итн.

Процесите на екстракција на минерали од земјината кора предизвикале или можат да предизвикаат значителна штета на животната средина и локалните заедници, која вклучува зафаќање на големи земјишни површини и големи количини вода, загадување на водите и другите медиуми на животната средина, како и драстични социо-економски промени во локалните заедници низ целиот животен циклус на рударските и поврзаните индустриски капацитети.

Важно е рударската индустрија да усвои одржливи практики кои ги минимизираат овие негативни влијанија и придонесуваат на севкупното подобрување на благосостојбата на заедниците и на планетата. Ова бара интегриран меѓу секторски пристап кој ја препознава поврзаноста на економските, социјалните и еколошките системи и дава приоритет на долгорочната одржливост и доброто на сите засегнати страни вклучени во и околу рударската индустрија.

Имплементацијата на планскиот документ е директно поврзано со овие прашања и може сериозно да се рефлектира на истите, како од позитивен така и од негативен аспект.

Постојат големи број на ризик фактори кои може да придонесат планскиот документ да не се реализира. Од аспект на животна средина ризик фактори се:

- користење на застарени и неконкурентни технологии,
- Неусогласеност со еколошките регулативи и стандарди,
- Загадување и недоволни количини на вода за пиење.

Акцискиот план кој е составен дел од планскиот документ предвидува Министерството за економија во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 3 години да дизајнира еколошка регулатива која соодветно ја заштитува животната средина и која воспоставува јасни правила за инвеститорите на проектите. Исто така, се предвидува поставување на барања за Студии за оценка на влијанието врз животната средина (ОВЖС) и Програма за мониторинг на животната средина (ПМЖС) за рударската индустрија и утврдување на улогите на Владата, Министерството за животна средина и просторно планирање, рударските компании, експертите за еколошки услуги, граѓанските организации и групите на заедницата, како и изработка на планови за мониторинг на биолошката разновидност, во кои ќе биде вклучено и Министерството за животна средина и просторно планирање.

| |
|---|
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Од аспект на хиерархија на планирање, планскиот документ што е предмет на разгледување е поврзан со низа плански документи на национално, но и на регионално и локално ниво.<br>Од аспект на просторното планирање планскиот документ е поврзан со Стратегијата за просторно планирање.<br>Од аспект на енергетиката планскиот документ е поврзан со Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година.<br>Од аспект на управување со животната средина, планскиот документ хиерархиски е поврзан со Стратегија за животна средина и климатски промени 2014 - 2020.<br>Во делот на управувањето со отпадот, планскиот документ е поврзан со Националната Стратегија и План за управување со отпадот на национално ниво.<br>Во делот на одржливиот развој, планскиот документ е поврзан со Националната стратегија за одржлив развој 2009-2030.<br>Во делот на природа и биодиверзитет, планскиот документ е поврзан со релевантните стратешки документи што се однесуваат на овие прашања, Национална стратегија за заштита на природата (2017 – 2027) и Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план.<br>Во делот на социјални аспекти, поврзана е со Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Р. Македонија (2010 – 2020).<br>Во делот на води поврзана е со Национална стратегија за води (2012 – 2042).<br>За утврдување на постоење на други локални и регионални стратешки документи кои на било кој начин за поврзани со планскиот документ со цел вклучување на нивните цели во планирањето неопходна е подетална анализа.<br>За одржливо планирање на искористувањето на минералните ресурси потребно е усогласување на целите на планскиот документ со целите на поврзаните релевантни стратешки документи. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Во Република Северна Македонија досега не е изготвувана стратегија во која се обработуваат проблемите поврзани со геолошките истражувања и одржливото искористување и експлоатација на минералните суровини. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>За сите идни планови и програми, а и проекти, што би произлегле од имплементација на овој плански документ, треба да биде разгледана потребата од спроведување на стратегиска оцена на животната средина на пониско ниво, како и оцена на влијанието врз животната средина од поедини проекти.<br>Заклучоците од стратегиската оцена за овој плански документ и нејзините препораки треба да бидат третирани како насоки за следното планирање. |

| | | |
|---|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** | |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | | **Министерство за економија<br>Крешник Бектеши, министер** |
| **Датум:**<br>**Место: Скопје**<br>0 4 -01- 2024 | | **М.П.** |